ИРЕНА АНДРЕЕСКА[1]

316.344.233:316.421(100)
339.9-027.511

# СИРОМАШТИЈАТА – НАЈМАРКАНТЕН ФЕНОМЕН НА ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

## АПСТРАКТ

Глобализацијата подразбира најтемелна анализа на сите политички и економски договори на планетата, што се извршени од времето на индустриската револуција па наваму.

Глобалната економија им припаѓа на водечките поборници на овој нов поредок и на оние на кои тој им одговара, како на пример на менаџерите на големите корпорации, нивните сојузници во владата и новата, моќна и централизирана, глобална трговска бирократрија. Визиите кои тие ни ги опишуваат непогрешливо се позитивни, дури и утопистички: глобализацијата е решение на сите проблеми.

Во меѓународните организации каде што се наоѓа вистинската моќ (како што се ММФ или СТО), нема претставници на работничкото движење. Не им се дава место ниту на најдесните про-бизнис синдикални лидери. Тоа ја презентира буржоаската демократија воопшто: бескрајни собири на бескорисни поединци кои зборуваат колку фин може да биде светот, додека директорите на мултинационалните компании одлучуваат позади сцена за вистински важните работи.

Последиците од новата поделба на трудот доведуваат до тоа светскиот систем да се подели на развиен светски центар (лингвистички заменуван со терминот “север”), и неразвиен “југ”, помеѓу кои постои асиметричност во користењето на благодетите од глобализацијата. *Human Development Report 2004*[2] констатира дека бројката на луѓето во светот кои живеат со помалку од еден долар дневно изнесува 1.100.000.000 што значи дека глобалистичкото сценарио произведува голем број сиромашни во неразвиените земји и мал број многу богати во развиените земји.

Сценариото на глобализацијата е присутно на светската сцена веќе подолго време со поразителни последици. Идеолошките принципи на глобализацијата претставуваат одвај нешто повеќе од обична рационализација на еден нов вид на индустриски колонијализам, кој ги погодува сиромашните земји, како и сиромашните во богатите земји.

---

[1] Авторот е Докторант на Економскиот Факултет во Скопје

[2] Human Development Report 2004, UNDP

# ВОВЕД

Глобализацијата е феномен кој го привлекува вниманието на јавноста, го оптоварува со противречни последици целиот свет и *ги загрижува неразвиените земји подеднакво како и сиромашните и безнадежните во развиениот свет.* Стручната јавност на глобализацијата гледа од различни агли кои се движат меѓу границите на безусловен апологетизам и остро критикување на процесот, меѓутоа сите дефиниции можат да се “скршат” на следните составни компоненти:

1. растечка интеграција;
2. светски пазар;
3. мобилност

„Глобализацијата на стопанските текови придонесе за голема подвижност на луѓето, финансиите и стоките. Интензивната размена на информации ја формира свеста за постоење заеднички, глобални проблеми чие решавање бара ангажирање на субјекти на меѓународната заедница на наднационално ниво (екологија, сиромаштија, глад) т.е. бара создавање глобален институционален систем врз кој националните држави би пренеле дел од својот суверенитет и ингеренции врз заедничкиот интерес.“[3]

Наспроти научно-технолошките достигнувања постигнати досега, се позачудувачко е сознанието дека приближно една милијарда луѓе во светот живее на “работ на егзистенцијата”. Гледано во апсолутни бројки 831 милиони луѓе на земјината топка се недоволно нахранети.[4] Овој податок особено загрижува, знаејќи дека бројот на сиромашните постојано се зголемува.

Една основна работа е извесна. Во текот на последните неколку децении јазот помеѓу богатите и сиромашните речиси секаде е сè подлабок и подлабок. Ако е ова рационален процес, тогаш тој рационално води кон запрепастувачки нееднаков доход. За да биде уште полошо за повеќето, социјалните служби кои работат за сиромашните и за средната класа, се најдоа на досега невиден удар, и тоа под истото тоа идеолошко знаме “*слободен пазар*” и “*слободна трговија*” кои и довеле до таа состојба.[5]

Сиромаштијата е негирање на основните човекови права и нејзиното сузбивање треба да биде преокупација на сите општества. Неправдите, маргинализацијата, социјалното оттуѓување и нееднаквоста кои ги предизвикува сиромаштијата, мора да бидат елиминирани. Борбата против сиромаштијата претставува еден од најгорливите светски проблеми на денешницата.[6]

---

[3] Д-р Н.Узунов, Д-р Љ.Костовска-Савовиќ, Современи економски системи, стр.466.

[4] Исто.

[5] Џери Мандер, Едвард Голдсмит, Глобализација, аргументи против, Клио, 2003, стр. 16.

[6] Искра Станчева, цитирам труд стр. 211.

## 1. НЕЕДНАКВИ ПРИДОБИВКИ ОД ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ЗА БОГАТИТЕ И СИРОМАШНИТЕ

Глобализацијата е незапирлив процес, над кој никој нема контрола. Се води од здрави капиталистички основи: поголем пазар, помали трошоци, поголем профит. Дилемата која се поставува овде е: кој е тој што ќе се профитира од глобализацијата, а кому таа ќе му наштети?

Не спориме дека големите и богати земји сакаат да имаат контрола над неразвиениот дел од светот, врз нивните човечки и природни ресурси. Впрочем, тоа и била најчестата причина за војните низ историјата. Но, тука има неколку работи кои се случуваат во меѓувреме:

а) Империите од типот на Велика Британија и Франција ги губат колониите.

б) Човештвото се хуманизира и пацифизира, има сѐ повеќе интернационални компании, висок степен на комуникација и образование, војни ќе има се помалку.

в) Во развиените држави економијата ја движи политиката. Интересот на, да јаземеме за пример, САД како целина, е да има висока вработеност и внатрешна благосостојба. Но, на микро-ниво, интересот на една компанија како на пример *Oracle*, е да ги намали трошоците за *customer- support*, па ги сели своите *call centers* во Индија. Сега купуваат програмери од Индија, кои досега работеа за конкурентот *PeopleSoft* (кого скоро го купија). Не може да се рече дека ова е изолиран пример: Бил Гејтс бара укинување на бизнис визите, со цел да привлече програмери од сиромашните земји. Друг пример: *HP*, третиот најголем произведувач на *PC* во светот, втор во САД, сели дел од производствените линии во Азија и т.н. интересите и мотивите на национално и компаниско ниво се различни, независно од каде е базата на капиталот.

г) Појавата на нови пазари е неминовна: компаниите од високо-компетитивните гранки кои се базирани на технологија и телекомуникации се тепаат за да ги заземат.

д) Во светот се појавуваат нови центри на влијание: Јапонија, Кина, Индија, Јужна Кореа, како и другите Азиски држави, кои сочинуваат третина од светската популација, прават бум во своите економии.

Ако не се работи за некоја голема, тајна, масонска, еврејска, религиозна конспирација за кроење на светскиот поредок, и да ги тргнеме национал-патриотските желби на страна (бидејќи реалноста покажува дека се ирелевантни), кои се тие

"проценти луѓе" и кој би бил нивниот реален мотив за да ја контролираат глобализацијата (пример: "ќе ја глобализираме Јужна Америка, ама не и Азија", или: "глобализирањето на овие четири држави ќе биде такво и такво"...)? За каква контрола се работи? На пример, да речат: "од денес престануваме со глобализација"? И за крај: кој ќе ги "координира и организира доволно" тие луѓе?

Веќе е прифатена претпоставката дека глобализацијата на било кое ниво не е можна без економска глобализација. И што се случува?

Економските интереси ги засенуваат сите други благородни идеи кои им се спротивставени на профитот, експлоатацијата и непочитувањето. Од ова произлегува мислењето дека глобализацијата е нефер процес, барем што се однесува до однесувањето на големите кон малите. Значи, она што некој индивидуалец има интерес затоа што работи за голема компанија која добро го плаќа произлегува од неговите потреби да обезбеди пристоен живот за себе. На работодавачот не му е важно неговите работници да се среќни со своите положби, туку неговиот и само неговиот интерес, барем во глобални рамки. Оттука, она што некој Индиец добива многу повисока плата од своите сонародници, не е заради добрата волја на работодавецот да им помогне на сиромашните, ами заради тоа што добива услуга што е многу поефтина од услугата што би ја добил во својата земја (доколку би ја добил). Значи, евентуалната благосостојба на споменатиот Индиец во својата средина е "колатерална штета", на повисоките интереси на работодачот. Ова можеби и не е спорно, но ваквото однесување на работодавачите повлекува и суптилна културна и личносна де-идентизација. Пред 10 години ретко кој имаше мобилен телефон, па сепак можевме во секој момент да се договориме и да се најдеме со некого. Пред 100 години поштата од, на пример, Битола до Белград патувала со денови, а денес потребно е само еден клик за да се испрати порака на некој познаник или деловен соработник било каде во светот. Дали ова го намалува времето потребно успешно да се заврши некоја работа? Дали притоа имаме повеќе време за себе? Дали новите технолошки пронајдоци, кои, наводно ни го олеснуваат живеењето, навистина ни се корисни или почнуваме премногу да се потпираме на нив?

Па, за да купиме компјутер или мобилен, преку кои ќе комуницираме со другите, ни требаат пари, кои ќе мора да ги заработиме, работејќи работа која можеби не ни се допаѓа, со своите пријатели комуницираме посредно, преку машини, и сѐ поретко ги гледаме, сѐ повеќе работиме, за повеќе пари, за да си обезбедиме удобности во кои нема да уживаме, затоа што нема да имаме време, затоа што сѐ повеќе работиме...Што стана со

времето? Се скратува ли? И, го контролира ли некој ова? Можеби. А, кој? Кој би имал корист од сето ова?

Па, оние кои зависат од нашата зависност кон нивните производи и услуги, глобално. Веројатно и тие немаат време за сите мали нешта, и за себе правејќи го ова, ама “Парите го вртат светот”.

Глобализацијата е процес на уривање на граници и дистанци меѓу луѓето, преку дистрибуција на знаење, капитал, работа, култура... Тоа е процес кој трае со децении, процес кој ќе ги намали разликите меѓу различни делови од светот, разликите по секој основ. И тука нема ништо лошо.

На пример, ако се зборува за тоа дека главниот интерес на капиталистот не е благосостојбата на неговите работници, туку неговиот профит, можеби и ќе се сложиме...Но тоа е полемика за тоа колку е „фер” капиталистичкиот систем, и е вон дискусијата за тезата дека глобализацијата е добра.

Глобализацијата ќе се случеше кога-тогаш, независно од тоа кој општествен систем на уредување ќе беше доминантен во моментот.

Глобализацијата како процес, поставена врз основа на капиталистичките правила на игра, не само што ќе ја потенцира нееднаквоста, на било кое ниво: индивидуи, јазици, култури итн, туку, ќе тежнее кон создавање на една светска држава, без религии и слично. Ако тука зборуваме за праведност, (треба да градиме заедничка иднина, почитувајќи ги разликите, а не негирајќи ги) за која, наводно, сите се залагаме, треба да тргнеме од иста стартна позиција. Од некаде мора да се почне, а неразвиените земји колку и да сакаат, не можат да имаат иста стартна позиција со, на пример, Јапонија. И факт е дека својата “глобализациска транзиција” ќе ја доживеат различно. За богатите таа ќе значи освојување нови пазари, намалување на трошоци и зголемување на профит. За сиромашните, како нас, ќе значи грепкање мали струганици од богатството на другите земји.

Тешко дека една генерација ќе биде доволна за да се добие некакво чувство на еднаквост. Тоа што процесот е постепен, и не е толку трагично. Но, важен е фактот дека процесот трае, и дека ќе предизвика прогрес по повеќе основи за неразвиените земји.

Глобализацијата е неминовна и што побрзо ја прифатиме таква каква што е, што побрзо се адаптираме на неа - толку подобро за сите нас!

Нема крај на сиромаштијата, нема крај на заблудите и неправдите, но има крај на наивноста!

На патот до конечното симнување на трговските бариери и претставување на глобализацијата во својата вистинска форма, има многу препреки. Но со заеднички напор ќе се успее. И се успева. Полека, спокојно.

## 2. РЕГИОН АЛНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА СИРОМАШТИЈАТА

Екстремната сиромаштија денес е пред сé лоцирана во Африка. Иако политичката корумпираност најчесто се наведува како главна причина за стагнацијата во земјите од овој континент, овој аргумент се отфрла како неоснована заблуда карактеристична за бирократијата во Вашингтон која што нема теренско искуство.

Во источна Азија, за една декада растот ги извлече од сиромаштија над 200 милиони луѓе. Но, каде живеат тие 200 милиони луѓе? Речиси сите се од Кина. Што е со улогата на "работниците" и "демократските" права за зголемување на растот? И што е со улогата на "неопходната основа" на економијата - законот на пазарот? Во Кина предводник е државата. Додека азиските "тигри" потонаа под притисок на финансиската нерамнотежа во 90-те години, Кина ја преживеа бурата релативно негибната поради важната улога на државата и фактот што земјата нема посериозни функционални капитал-пазари.

Во меѓувреме "во супсахарска Африка и Латинска Америка, повеќе луѓе живеат во сиромаштија при крајот на 90-те години отколку во почетокот на декадата". Тоа заради политиките спонзорирани од ММФ, проектите "против сиромаштија" на Светската Банка итн. А за предворјето на империјализмот на САД: "Во Латинска Америка, реалните плати на неквалификуваните работници имаат тенденција на пад".

И така колку повеќе земјата потклекнува на Вашингтонскиот концензус т.е. на ММФ, толку посиромашно е нејзиното население.

Податоците јасно покажуваат дека единствената земја која подигна значителен број на население од сиромаштија во 90-те години (Кина) не е стандардно капиталистичка, туку земја со голема и моќна држава, независна од ММФ и која нема вистински капиталистички пазари. Но, кога ќе се извлечат политичките заклучоци од податоците, сиромашните земји се советуваат да појдат по спротивниот пат и да ги прекинат сите врски со државната контрола или државниот интервенционизам. Мора да се признае дека Индија, Кина и Виетнам се прилично добри поради тоа "што не ги следеа ортодоксните либерализирачки стратегии", но, на самиот крај, советот за другите „земји во развој" е да не се следат тие луди луѓе иако тие успеале во некој степен да ги развијат своите стопанства[7].

На пример, се тврди дека Кина, Индија или Виетнам ја елиминираа сиромаштијата. Напротив огромното мнозинство на население живее во ужасни услови, се случува и екстремна поларизација, со два екстрема: големо мнозинство што живее во

[7] www.marxist.com/ilo-fair-globalisation-macedonian.htm.

сиромаштија и малцинство кое го акумулира богатството во свои раце. Но се забележува дека во овие земји има одреден степен на развој и дека тоа значи дека делови на населението се подигнаа над општото ниво на сиромаштија. Поентата е дека во сите три земји (иако со различно искуство) државата има важна улога во економијата.

Капиталистите тоа го признаваат, посебно на Кина. Додека капиталистите секогаш ја напаѓаат "злобата на комунизмот", "чумата на пеколот", тие се среќни ако вложат во "комунистичка" Кина колосални количини на инвестиции, бидејќи се сигурни дека ќе направат профити преку ужасната експлоатација на кинескиот пролетеријат. Со тоа се покажува дека во основа глобализацијата значи ослободување на меѓународниот капитал за да ги експлоатира работниците од секоја земја. Тоа повлекува енормен раст на светската трговија. Како што кажува документот "светската трговија се прошири рапидно за последниве две декади. Од 1986 година постојано расте со поголема стапка од светскиот бруто домашен производ". Дури повеќе од растот на светската трговија расте извозот на капитал.

Тешко е да се процени влијанието на глобализацијата врз сиромаштијата. Бројот на луѓето кои живееле под линијата на апсолутна сиромаштија низ светот се намалил значајно од 1,237 милиони во 1990 на 1,100 милиони во 2000. Сепак, повеќето од овој напредок е направен само во две земји: Индија и Кина. Во супсахарска Африка, Европа и Централна Азија и Латинска Америка и Карибите, сиромаштијата се зголеми[8].

Истражувањата на последиците од економската глобализација во градските средини откриваат длабоки промени во географијата, составот и институционалната структура на глобалната економија. Новата географија се карактеризира и со тоа што директните странски инвестиции, кои едно време најмногу ги користела Латинска Америка, се пренасочени кон источна, јужна и југоисточна Азија.

Накусо, економската глобализација е поддржана од страна на неолибералниот економски консензус, кој содржи три институционални новости: драстично ограничување на државната регулатива во економијата, нови права за меѓународна сопственост на странските инвеститори, иноватори и создавачи на иновации кои можат да станат интелектуална сопственост и подреденост на националните држави кон мултилатералните агенции како што се Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) и Светската трговска организација. Почитувањето на неолибералните прописи најмногу им се наметнува на периферните и полупериферните земји, бидејќи по пат на преработени програми, мултилатералните финансиски организации можат тие прописи да ги трансформираат во услови за

[8] www.marxist.com/ilo-globalization-macedonian.htm.

повторни преговори за надворешниот долг. Сепак, земајќи ја предвид сѐ поголемата превласт на финансиската логика над реалната економија, дури и државите кои го чинат јадрото на светскиот систем, а чиј јавен долг расте, ги трпат последиците од одлуките на агенциите за финансиски рејтинг, т.е. компаниите кои имаат меѓународно овластување да ја проценуваат финансиската состојба на државите и ризиците и шансите на кои, во согласност со тоа, се изложуваат меѓународните инвеститори.

## ЗАКЛУЧОК

"Економската глобализација не е израз на демократија, ниту пак е некој вид "еволутивен" процес или природна сила, како што тврдат нејзините поборници. Тоа е едноставно план што го смислиле луѓето, економски експеримент осмислен така да може да владее со институциите кои го промовираат. На деловниот свет му е продаден како решение за растечките проблеми на индустриската и политичката елита. Но, тоа е погрешно решение и не и е во интерес ниту на популацијата, ниту на планетата и понатака да се применува. Иако на многу луѓе од индустриските земји им е сѐ уште тешко да прифатат, подобро решение од глобализацијата се заживеани, локални, разноврсни и барем делимично самодоволни економии"[9].

Подеднакво е важно да се запамти дека до неодамна светот не се наоѓал на пат кон глобализацијата, ниту пак имал желба да биде глобализиран. Во овој момент најголемиот дел од луѓето во светот сѐ уште живее во релативно традиционална економија, голем дел од нив не се "сиромашни", а голем процент од сиромашните станале сиромашни благодарение на политиката за "слободна" трговија.

"Глобализацијата е процес кој се дисперзира како во ширина, така и во длабочина и кој го опфаќа меѓународното движење на трговијата, финансиите и информациите на единствениот, интегриран и глобален пазар"[10]. Основни субјекти на процесот на глобализација се меѓународните финансиски институции и тоа ММФ, Светската Банка, СТО и транснационалните компании - ТНК. Вашингтонскиот концензус е името за програмата (пакет) економски реформи во некогашните социјалистички земји. Еден од основните пропусти на овој пакет е рестриктивната монетарна политика, која не можела значително да дејствува на нивото на производство на овие земји. Втор проблем е тоа што неразвиените земји се отвориле за развиените без претходно да го развијат пазарот и пазарните институции. Понатаму, овој пакет на реформи премногу смета на улогата на

[9] Џери Мандер, Едвард Голдсмит, цит. труд стр 24.
[10] Human development report, UNDP, 1998 година.

странските директни инвестиции, кои се прилично резервирани дури и кога се работи за политички стабилни земји кои стигнале далеку во процесот на транзиција. Потполното исклучување на државата од економијата на државата е уште еден погрешен чекор во економиите во транзиција, затоа што државата е таа што ги создава институционалните услови за функционирање на пазарот. И приватизацијата "преку ноќ" оставила економски последици во овие држави. Во вашингтонскиот пакет речиси сосема е заборавена улогата на институционалниот фактор. Без стабилни институции на пазарната економија, макроекономскиот менаџмент и приватизацијата можат повеќе да и наштетат на економијата на земјата отколку да и помогнат. И она што е најголемо промашување на пакетот реформи е временската димензија. Денес е јасно дека за реализација на ваков пакет се потребни 10-15 или повеќе години, а не експресно спроведување на радикални промени во период од година или две.

Во еуфоријата на илузии која после распаѓањето на социјализмот ја зафатила Источна Европа, многу домашни Марксисти преку ноќ станале монетаристи, а неодамнешните проповедници на различни форми на социјализам станале загрижени проповедници на share-holder value идеологијата. На предупредување на некои од ретките домашни економисти за последиците од приватизацијата без јасни правила, возвратено е со исмевање поради носталгичност и незнаење.

Ваквиот глобален поредок доведува до тоа развиените земји сѐ повеќе да се богатат, неразвиените апсолутно да осиромашуваат, додека земјите во транзиција се во крајно незавидна состојба. Освен сиромаштијата, како проблеми се јавуваат невработеноста, демографската нерамнотежа, еколошката нерамнотежа...

Сиромаштијата во средина на богатството е централен предизвик во денешната глобална економија и во општеството.

Намалувањето на сиромаштијата бара глобална колективна акција затоа што е глобално јавно добро. Општествата секаде напредуваат во намалување на сиромаштјата, не само поради моралниот императив, туку поради негативните екстерналии поврзани со сиромаштијата, како што се конфликтот и насилството, ширењето на комуникациските болести, нелегалната миграција и притисокот на средината. Потребата за колективна акција преку здружување на знаење и финансиски извори е исто така конечно образложение за глобалните јавни институции.